# Различни, но исти

## Позитивен завршеток

| КЛУЧЕН КОНЦЕПТ/ НЕДОСТАТОК | Различност |
|---|---|
| ЦЕЛИ | • да се прифати разбирање и почит кон културните и лични различности<br>• да се охрабри инклузивен социјален став и да се има позитивен однос кон новите соученици<br>• да се зацврсти капацитетот на учениците да градат нови пријателства покрај видливите разлики<br>• да се развие емпатија преку препознавање дека малите дела (на пр. облеката на забава) може да направат некој да се чувствува ценет и вреден |
| ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА ЗА ПОЗИТИВЕН ЗАВРШЕТОК | 1. Како се чувствуваше Изабела кога нејзините соученици дојдоа на нејзината забава?<br>2. Зошто е важно да вклучиме некој кој е нов и различен од нас?<br>3. На кои начини можеме да направиме новите соученици да се чувствуваат добредојдено?<br>4. Како заедничките активности надвор од училиште (како забава) помагаат во градење пријателства? |
| ПРЕДЛОЗИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ | • Направете „***Книга за добредојде***“ или постер за потеклото на секој ученик за да се цени различноста.<br>• Погледнете го видеото: „***Сите сте добредојдени***“ /“***All Are Welcome***” - читајте на глас и дискутирајте<br>• Сценарија со улоги во кои учениците ги поздравуваат и ги прифаќаат новите соученици во класот<br>• Користејќи Канва/Canva направете постер за добредојде на новиот ученик/чка<br>• Организирајте „Меѓународен ден“ кога учениците ќе споделуваат за својата култура |

# Различни, но исти



**Позитивен завршеток**

| КЛУЧЕН КОНЦЕПТ/ НЕДОСТАТОК | Различност |
|---|---|
| **ЦЕЛИ** | • да се препознае емотивното влијание од неприфаќање и ексклузија<br>• да се охрабри согледувањето на сопствените одлуки во група<br>• да се промовираат вредности за сочувство и инклузија преку дискусии и приказни<br>• да им се помогне на учениците да размислуваат критички за тоа како да се однесуваат поразлично во идни ситуации |
| **ПРАШАЊА ЗА ДИСКУСИЈА ЗА НЕГАТИВЕН ЗАВРШЕТОК** | 1. Како мислиш дека се чувствуваше Изабела кога никој не дојде на нејзината забава?<br>2. Што би направил/а поразлично доколку пак си во истата ситуација?<br>3. Што можеше да направи одделението за Изабела да чувствува добредојдена уште од првиот ден?<br>4. Како влијае врз нечии чувства кон училиштето кога не е вклучен/а во групните активности |
| **ПРЕДЛОЗИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ РЕСУРСИ** | • Побарајте од учениците да нацртаат или да напишат за ситуација кога биле изоставени и што им помогнало да се чувствуваат подобро<br>• Давајте идеи за правила на инклузија во училница, на пр. „Никој не јаде и не игра сам“<br>• Погледнете ја кратката анимација: „Подарокот“/“The Present” и разговарајте за емоциите и инклузија<br>• Користете Ментиметар/Mentimeter за да ги соберете заклучоците на учениците откога ќе го гледаат видеото и прашајте: „Како се чувствуваа ликовите?” , потоа дискутирајте ги резултатите<br>• Направете „Сад за инклузија” со добри дела кои учениците ќе ги пишуваат или цртаат секој ден |